AP_LOGO.jpg

**Агенција за пошти**
Кеј „13 Ноември "
ГТЦ втори кат, секција 6, локал 116
П. ФАХ 160 1000 Скопје

http://www.ap.mk
e-mail: info@ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 09-88/1
16.03 2009 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 17-03-2009
07 1427/1

До: **Собрание на Република Македонија**
**За претседателот г-дин Трајко Велјаноски**

Дата: 16.03.2009 год.

Предмет : Доставување **Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2008 година**

*Почитувани ,*

Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со Законот за поштенски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.9/08 од 18.01.2008 година), согласно обврската од член 10 од Законот, во законскиот рок, Ви доставува **Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2008 година**, на Ваша надлежност.

Годишниот извештај на Агенцијата за пошти содржи :

- Извештај за извршени активности на Агенцијата во изминатиот период
- Годишна програма за работа за претстојниот период
- Извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата и
- Ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор ;

Во состав на Годишниот извештај истовремено Ви го доставуваме и **Годишниот финансиски план на Агенцијата за пошти за 2009 година**, кој согласно член 21 од Законот за поштенски услуги се доставува на одобрување до Собранието на Република Македонија.

*Со почит.*

**Агенција за пошти**
Комисија
Дејан Бошкоски, претседател

Прилог:Цитираните акти во 2 примероци

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 09-87/4
16.03 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 14 ст.1 ал.4 од Законот за поштенски услуги, и чл.13 од Статутот на Агенцијата за пошти, Комисијата како орган на Агенцијата за пошти, на седницата одржана на 16.03.2009 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2008 година.

Член 2

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти му се доставува на Собранието на Република Македонија на одобрување, согласно чл.21 ст.2 а в.в. со чл.10 од Законот за поштенските услуги .

Член 3

Оваа одлука е конечна и влегува во сила на денот на донесување.

Бр.09- 87/4

Скопје, 16.03.2009 год.

Агенција за пошти
Комисија
Дејан Бошковски претседател

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ВО
# 2008 ГОДИНА

**Март 2009, Скопје**

Извештајот е изготвен согласно член 10 од Законот за поштенските услуги (Службен весник на РМ бр.9 од 18.01.2008 година) и за негово изготвување Агенцијата за пошти користеше податоци од сопствената евиденција.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ ВО 2008 ГОДИНА

**Приложениот годишен извештај Ве информира за активностите на Агенцијата за пошти за периодот од 21 јули до 31 декември 2008 година.**

**Скопје, Март 2009 година**

# СОДРЖИНА


Обраќање на директорот на Агенцијата за пошти ........ 6

1. Вовед ........ 9

  1.1. Целите на Законот за поштенски услуги ........ 10

2. Основање и надлежности на Агенцијата ........ 11

  2.1. Основање ........ 12

  2.2. Надлежности ........ 12

3. Начин на работа на Агенцијата ........ 16

  3.1. Финансирање ........ 17

  3.2 Органи на Агенцијата ........ 19

4. Јавност и транспарентност ........ 21

  4.1. Меѓународна соработка ........ 22

5. Приоритети ........ 24

  5.1 Заштита на корисниците на поштенски услуги ........ 25

6. Извештај на извршени активности ........ 27

  6.1. Правна рамка ........ 28

  6.2. Регулација и либерализација на пазарот ........ 29

  6.3. Следење на поштенскиот сообраќај ........ 33

7. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2009 година ........ 37

  7.1.Правна регулатива ........ 38

  7.2. Административен капацитет и човечки ресурси ........ 39

  7.3. Лиценцирање ........ 39

  7.4. Мониторинг на пазарот на поштенски услуги ........ 40

  7.5.Квалитет на универзалната поштенска услуга ........ 41

  7.6. Заштита на конкуренцијата и процесот на либерализација ........ 42

  7.7. Инспекциски надзор ........ 43

  7.8. Јавност и транспарентност на работата на Агенцијата за пошти ........ 43

  7.9.Меѓународна соработка ........ 44

8.Финансиски извештаи ........ 45

  8.1.Финансиски извештаи за работата на Агенцијата во 2008 година ........ 46

# Обраќање на директорот на Агенцијата за пошти

Поштенските услуги и целиот поштенски сектор, во глобални рамки, значително еволуирале во последните 20-тина години. Главниот тренд била промената на секторот од силно монополистички, на кој доминирале јавните национални поштенски претпријатија во конкурентен сектор, обликуван од процесите на глобализацијата и употребата на нови технологии. Како резултат на трансформацијата се појавува и потребата за регулација на поштенскиот сектор. Регулацијата како неопходност, истовремено претставува и средство преку кое се воспоставува контрола врз овој рапидно еволуирачки сектор, што е од особено значење кога станува збор за осигурувањето на обезбедување на универзалната поштенска услуга за сите граѓани на целата територија на една земја.

Прашањето за регулација на поштенскиот сектор е поставено во фокусот на вниманието од страна на Европската комисија, водена од идејата за целосна реформа на поштенскиот сектор, а не само едноставна реформа на поштенскиот оператор кој ја нуди основната поштенска услуга. Европската комисија била и првата што излегла со конкретни предлози. Темелите на регулацијата на поштенскиот пазар можат да се најдат во Директивата на Европската комисија 97/67, во која јасно биле посочени клучните принципи на поштенската регулација и потребата од регулација на поштенскиот пазар. Основите на регулацијата се осигурување на обезбедувањето на универзалната поштенска услуга (УПУ) и спречувањето на субвенционирањето на други услуги со приходите од УПУ од страна на давателот на УПУ. Генерално, императивот на регулацијата е заштитата на интересите на потрошувачите и граѓаните. Поконкретно, регулацијата на поштенскиот пазар е тесно поврзана со можноста на граѓаните за пристап кон поштенската мрежа, цените на поштенските услуги, квалитетот на услугите и макро-економскиот императив за економски ефикасна услуга.

Формирањето на Агенцијата за пошти (АП), како независно регулаторно тело за поштенскиот сектор е предвидено со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008). Со изборот на членовите на Комисијата на АП и изборот на директор на АП, се исполнија законските предуслови за почеток на работата на АП. Со запишувањето во Централниот регистар и стекнувањето со статус на правно лице АП и официјално започна со работа на 21 јули 2008 година. Агенцијата со својата работа и при донесување на одлуки во рамките на своите овластувања е независна од друг државен орган или друго јавно правно или трговско друштво што врши дејност од областа на поштенските услуги и треба да биде непристрасна кон нив.

Агенцијата за пошти во Република Македонија има за цел да овозможи спроведување на процесот на либерализација на пазарот на поштенски услуги преку објективни и транспарентни процеси имајќи го секогаш во прв план јавниот интерес и интересот на потрошувачите и граѓаните на Република Македонија. Континуирано со процесите на отворањето на пазарот, АП е должна да осигури постојано и квалитетно обезбедување на универзална поштенска услуга на целата територија, достапна на сите граѓани по пристапни цени.

Агенцијата за пошти има мисија да обезбеди транспарентност на поштенскиот сектор, да го поттикне развојот на квалитетен и доверлив поштенски систем во Република Македонија, при што секогаш во фокусот да бидат интересите на корисниците на пошенските услуги. Водечките принципи на АП во процесот на остварување на своите надлежности ќе бидат:

- Јавност во работата и отвореност за соработка
- Активно учество на сите заинтересирани субјекти во процесите
- Навремена и сеопфатна анализа на пазарот на поштенски услуги и целиот поштенски сектор во Република Македонија
- Мулти-дисциплинарен пристап
- Интегритет
- Посветеност и професионалност
- Непристрасност и независност
- Соработка со домашните и меѓународните институции и асоцијации
- Праведност

Со надеж дека АП ќе ја оствари својата цел и ќе го оправда своето постоење, како независно регулаторно тело кое има надлежност за овозможување на конкурентски односи на пазарот на поштенски услуги, преку транспарентни и објективни услови, што е предуслов за целосната либерализација предвидена за 1 јануари 2012, во продолжение ви го доставувам Извештајот за работата на Агенцијата за пошти за 2008 година.

*Со почит*
Влатко Атанасоски
*Директор на Агенцијата за пошти*

# 1. Вовед

Агенцијата за пошти на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенцијата) претставува независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

Агенцијата е основана со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на Р.Македонија бр.9 од 18.01.2008) а започна со работа на 15 јули 2008 година. Таа има својство на правно лице со седиште во Скопје.

Агенцијата со својата работа и при донесување на одлуки во рамките на своите овластувања е независна од друг државен орган или друго јавно правно или трговско друштво што врши дејност во областа на поштенските услуги и треба да биде непристрасна кон нив.

## 1.1. Целите на Законот за поштенски услуги

- обезбедување на навремени поштенски услуги за прием, сортирање, пренос и достава на поштенски пратки, парични средства и стоки, како на територијата на Република Македонија, така и надвор од нејзините граници;
- заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги;
- обезбедување доверливост на поштенските пратки;
- овозможување конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторски услови, на постепен и контролиран начин со цел да се обезбеди извршувањето на универзалната поштенска услуга;
- унапредување на поштенската инфраструктура на целата територија на Република Македонија за поквалитетно обезбедување на поштенските услуги;
- обезбедување универзална поштенска услуга вклучувајќи ја и резервираната поштенска услуга;
- формирање на цените за поштенските услуги на објективни, транспарентни и недискриминаторски принципи и
- функционирање на поштенските услуги во интерес на Република Македонија.

# 2. Основање и надлежности на Агенцијата

## 2.1. Основање

Со исполнувањето на законските услови за почеток на работата на Агенцијата предвидени во членот 94 од Законот за поштенски услуги (Сл.Весник 9/2008), Агенцијата за пошти се стекна со статус на правно лице и започна со работа на 21 јули 2008 година. Во законски предвидениот рок Комисијата на Агенцијата за пошти го донесе Статутот на Агенцијата за пошти. Стручната служба на Агенцијата за пошти се состои од шест вработени од кои 5 се со високо образование и еден со средно образование.

Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги, која е основана како самостојно и непрофитно правно лице и врши јавни овластувања утврдени со Законот за поштенските услуги.

## 2.2. Надлежности

Агенцијата за пошти во согласност со одредбите на Законот за поштенски услуги (Сл. Весник 9/2008) е надлежна за:

- обезбедување на универзална поштенска услуга;
- определување на механизмот за следење на обезбедувањето на универзална поштенска услуга, на условите за испорака, испораката до дома, до продажните места, бројот на денови за испорака, квалитетот на целните побарувања на услугите со исклучок на руралните области;
- осигура почитување на правилата за конкуренција преку:
  - преземање на мерки за заштита на универзалната поштенска услуга согласно со овој закон и
  - пропишување и преземање на заштитни мерки за да ги спречи давателите на поштенски услуги од ангажирање во антиконкурентни активности
- формирање на цени и контрола на трошоците за обезбедување на универзалната поштенска услуга согласно со овој закон преку:
  - контрола на трошоците за обезбедување на универзалната поштенска услуга направени од страна на давателот на УПУ и

осигурува воспоставување на систем за пресметување на трошоците кај давателот на УПУ;
- утврдување политика за цените на пазарот и вршење контрола на цените утврдени од давателот на УПУ за обезбедување на универзална поштенска услуга;

- мониторинг на цените во областа за резервирани поштенски услуги од страна на други даватели на поштенски услуги и
- мониторинг на цените на другите даватели на поштенски услуги врз
основа на систем за цени на слободен пазар.

- врши мониторинг врз поштенскиот пазар преку:
  - решавање спорови меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници;
  - решавање спорови меѓу давателот на УПУ и другите даватели на поштенски услуги согласно со овој закон и прописите донесени врз основа
  на овој и друг закон;
  - решавање спорови меѓу давателот на УПУ и другите даватели на поштенски услуги во врска со пристапот до јавната поштенска мрежа;
  - издавање соодветни дозволи и одобренија на даватели на поштенски услуги и
  - воспоставување, одржување и ажурирање електронска база на податоци што содржи информации за издадените индивидуални, стандардни дозволи и одобренија согласно овој закон;
- почитување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на истиот закон преку:
  - донесување одлуки за можни нанесени штети на давателот на УПУ
  предизвикани од активности на други даватели на поштенски услуги;
  - спроведување на надзор и инспекција и иницирање на постапки за изрекување на санкции за прекршувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и
  - издавање дозволи и други одделни акти во согласност со Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

- други активности во поштенскиот сектор преку:
  - давање препораки за утврдување на политиката за развој на универзалната поштенска услуга;
  - учествува во работата на меѓународни организации и здруженија, како и на независните регулаторни тела во областа на поштенските услуги од други земји и
  - други работи утврдени со овој закон.

| | |
|---|---|
| **Регулаторни задачи од обласа на поштенските услуги** | - лиценцирање<br>- надгледување и контрола на обезбедувањето на универзалната поштенска услуга<br>- регулација на конкуренцијата, вклучувајќи и регулација на цените<br>- регулација на пристапот кон јавната поштенска мрежа |
| **Други суштествени задачи** | - мониторинг на пазарот на поштенски услуги<br>- менаџмент со рекламациите на корисниците и решавање на спорови меѓу корисниците и давателите на поштенските услуги<br>- доставување предлози и препораки до надлежните институции во врска со проблематиката од обласа на поштенските услуги<br>- правни прашања<br>- меѓународна соработка |
| **Менаџмент и административни задачи** | - организација<br>- административен и човечки капацитет<br>- финансии<br>- внатрешни услуги и одржување на база на податоци |

Табела 1. Основни конкретни активности на Агенцијата за пошти

# 3. Начин на работа на Агенцијата

Работата на Агенцијата е јавна. Таа организира јавни состаноци најмалку еднаш на три месеци со сите заинтересирани, со цел да им овозможи да бидат запознаени со работата на Агенцијата и да им се даде можност да ги изразат нивните ставови и мислења за унапредување на состојбите.

Агенцијата своите одлуки и другите акти како и податоците кои се јавно достапни согласно законот, ги објавува на својата веб-страница, на огласната табла на Агенцијата, во средствата за јавно информирање или Службен весник на Р.М.

АП соработува со претставниците на организациите на корисниците на поштенските услуги, преку организирање на јавни состаноци за кои благовремено ќе бидат информирани и на кои ќе им се даде можност за размена на ставови и мислења и други облици на соработка.

Агенцијата обезбедува почитување на обврските кои произлегуваат од Директивите на Европската Унија и Препораките на Светскиот поштенски сојуз, гарантирање на давање на универзална поштенска услуга , утврдување на максимални ограничувања за резервирани поштенски услуги, како и отворање на пазарот со цел да се создавање единствен пазар на поштенски услуги.

## 3.1. Финансирање

Согласно член 7 став 1 и став 2 од Законот за поштенски услуги, Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги и истата е основана како самостојно и непрофитно правно лице, кое врши јавни овластувања утврдено со споменатиот закон.

Последователно на тоа, Агенцијата за пошти ги почитува одредбите содржани во Законот за сметководство на непрофитни организации и другите акти кои се однесуваат на **непрофитните** правни лица, во согласност со позитивните законски прописи во Република Македонија.

*Работењето на Агенцијата се финансира од:*

- средства остварени од приходите од надоместоците превидени со  Законот за поштенски услуги и
- донации, заеми и друга финансиска и техничка помош

## 3.2 Органи на Агенцијата

- ***Комисија*** – се состои од 5 (пет) члена вклучувајќи го и претседателот, којшто претседава со состаноците на Комисијата. Претседателот и членовите на комисијата ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.
  Комисијата ја сочинуваат: Дејан Бошковски – Претседател на Комисијата, Александар Михајлоски, Шпендим Адеми, Јорданчо Давидовски и Александар Шумански, членови на Комисијата.
  Комисијата се состанува најмалку еднаш месечно и ја известува јавноста за својата работа преку медиумите.
- ***Директор*** – раководи со работата на Агенцијата, одговорен е за законското работење на Агенцијата.
  Од страна на Комисијата е именуван директорот Влатко Атанасоски. При изборот е земено предвид неговото високо образование и професионалното и менаџерско искуство.
- За вршење на работите од областа на поштенските услуги утврдени со Законот за поштенски услуги, надлежни се:
  - Министерството за транспорт и врски и
  - Агенцијата за пошти

o За вршење на работите на Агенцијата се формира стручна служба чија внатрешна организација и начин на работа поблиску се уредува со актите за организација и систематизација на работите и задачите.

ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ

| **Директор на Агенцијата за пошти** |
|---|

| **Раководител на кабинетот на директорот** |
|---|

| **Одделение за финансии и сметководство** |
|---|
| • Раководител на одделението за финансии и сметководство<br>• Одговорен сметководител |

| **Одделение за администрирање на приходи** |
|---|
| • Аналитичар систем-оператор |

| **Одделение за правни,општи и јавни дејности** |
|---|
| • Раководител на одделението за правни,општи и јавни дејности<br>• Архивско работење - архивар-деловодител |

Табела 2. Организациони единици на Агенцијата за пошти

# 4. Јавност и транспарентност

Комисијата на Агенцијата за пошти во согласност со одредбите на Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008), на 24.12.2008 година, ја одржа десеттата седница која исовремено беше и прва јавна седница на Агенцијата за пошти. На седницата присуствуваа претставници на лиценцираните даватели на поштенски услуги, претставници на други институции кои имаат надлежности во областа на регулацијата на поштенскиот пазар, заштитата на конкуренцијата и заштитата на правата на потрошувачите како и претставници на институциите надлежни за процесот на евро-атлантската асоцијација на Република Македонија. На оваа јавна седница сите заинтересирани страни имаа можност да ги изнесат своите ставови, забелешки и предлози во однос на законската регулатива, случувањата на пазарот на поштенските услуги и актуелната состојба на истиот, како и ставовите за перспективата и потенцијалот на поштенскиот пазар во Република Македонија. Комисијата на Агенцијата за пошти ќе ги има предвид сугестиите и забелешките на сите страни кои директно или индиректно учествуваат на пазарот на поштенски услуги. Ваквиот пристап на јавност во работењето треба да овозможи поквалитетни одлуки и акти на Агенцијата, со што ќе се постигне и полесна имплементација на истите во практика.

Сите донесени подзаконски акти се објавени во Службен Весник на Република Македонија и истите стапија на сила на 18.10.2008 година.

Агенцијата креираше и ја пушти во употреба своја официјална веб страница (www.ap.mk) на која во секое време можат да се добијат информации за работата на Агенцијата за пошти, да се преземат сите законски и подзаконски акти од областа на поштенските услуги и да се преземат барањата и сите други обрасци потребни за поднесување на апликација за добивање на одобрение или дозвола за обезбедување на поштенски услуги. Веб страната исто така им дава можност на сите заинтересирани страни да даваат свои мислења и да учествуваат во јавната расправа по предлог актите кои ги донесува Агенцијата за пошти.

## 4.1. Меѓународна соработка

Со оглед на тоа дека поштенскиот пазар во Република Македонија сè до формирањето на Агенцијата за пошти како независно регулаторно тело, не бил регулиран, Агенцијата беше неминовно упатена на воспоставување на меѓународна соработка, заради потребата од добивање на конкретни искуства од областа на поштенските услуги, како и поради потребата за усогласување на подзаконските акти кои

Агенцијата требаше да ги изготви, со европската регулатива од областа на поштенските услуги. Од тие причини претставник на Агенцијата за пошти учествуваше на пленарното собрание на CERP кое се одржа во Атина од 8-10 Октомври. На пленарното собрание учествуваа претставници на регулаторните тела од најголемиот број на земји членки на CERP. CERP е посебен комитет, кој е одговорен за прашањата поврзани со поштенските услуги на ниво на Европа и во него членуваат 48 земји. На пленарното собрание на CERP предмет на расправа беа неколку важни прашања од областа на поштенските услуги:

- Регулаторните прашања во врска со пазарите на поштенски услуги во ЕУ,
- Супервизијата на извештаите за квалитет на поштенските услуги,
- Либерализацијата на пазарите на поштенски услуги и последиците врз УПУ.

Агенцијата за пошти учествуваше и на седницата на Post Europe на која доминираа прашањата за регулацијата на поштенските пазари. Претставници на Агенцијата за пошти и претставници на Министерството за транспорт и врски, остварија дводневна работна посета на Агенцијата за пошти и телекомуникации на Република Словенија, преку која беа пренесени искуствата од областа и трендовите на пазарот на поштенски услуги во Република Словенија. На сите овие средби беа остварени и билатерални средби помеѓу претставниците на Агенцијата за пошти и претставници на регулаторните тела од земјите членки на ЕУ и беа договорени насоките за понатамошна соработка, која ќе биде од исклучително значење за што поуспешно извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти.

# 5. Приоритети

## 5.1 Заштита на корисниците на поштенски услуги

Во денешното опкружување со современо електронско комуницирање и напредни поштенски услуги и технологии, обезбедувањето на квалитет и иновативни услужни дејности, заштитата на корисниците од незаконски активности, пристапот до адекватни информации и воспоставување на доверлив однос во правец на оперативни правила на пазарот се задолжителни елементи кои придонесуваат за еволуција и брз развој на Агенцијата.

АП обезбедува конкуренција и доверба во поштенскиот сектор во интерес на конзументите на поштенските услуги и нивните потреби во смисла на добивање на квалитетна услуга и остварување на нивните права.

Услугите ќе бидат обезбедени по достапни цени за секој корисник, без дискриминација по било која основа. Тие имаат право да бидат услужени во секое време и на секое место, како што е пропишано со Законот, со исклучок на руралните области и во случај на виша сила.

**Право на користење на поштенските услуги и право на приговор**

- Секое лице има право да користи универзална поштенска услуга согласно Законот за поштенски услуги.
- Секој корисник на поштенски услуги има право на приговор на одлука или на постапка преземена од давателот на поштенски услуги во врска со пристапот до услугите и обезбедувањето на услуги. Корисникот може да даде приговор до давателот на поштенските услуги во рок од 30 дена од денот кога ќе дознае за одлуката или постапката на давателот на поштенските услуги.
- Доколку давателот на поштенските услуги не го прифати приговорот или не донесе одлука во врска со него во рок од 30 дена од приемот на приговорот, корисникот на поштенски услуги може да вложи жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од истекот на овој рок.

## Надлежност за вршење на надзор

- Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и на меѓународните договори што ги склучила или им пристапила Република Македонија од областа на поштенскиот сообраќај вршат Министерството за транспорт и врски и Агенцијата во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.
- Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Агенцијата преку инспектори за поштенски сообраќај.

# 6. Извештај на извршени активности

## 6.1. Правна рамка

Агенцијата за пошти согласно со одредбите на Законот за поштенски услуги (Сл.Весник 9/2008), донесе 11 Правилници - подзаконски акти, кои стапија на сила на 18.10.2008, со цел да се овозможи имплементацијата на законските решенија, како значаен дел од процесот на усогласување со втората Поштенска Регулатива (Directive 97/67/EC). Подзаконските акти кои ги донесе Агенцијата за пошти, а кои стапија на сила на 18.10.2008 година, се следниве:

- ПРАВИЛНИК за номенклатурата на универзалната поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за утврдување на методологија за мониторинг врз квалитетот на универзалната поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за општите услови за обезбедување на универзалната поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за утврдување на подрачјата на единиците на поштенската мрежа на давателот на универзалната поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за начинот на водење на посебно сметководство на давател на универзална поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за техничките барања за квалитетот на универзалната поштенска услуга, параметри за мерење на квалитетот, како и потребни минимални услови за остварениот квалитет
- ПРАВИЛНИК за методот за утврдување на трошоците на давател на универзалната поштенска услуга
- ПРАВИЛНИК за содржината и формата на ознаката за запечатување на просториите и средствата на давателите на поштенските услуги.
- ПРАВИЛНИК за содржината и формата на барањето за обезбедување на поштенски услуги
- ПРАВИЛНИК за утврдување на критериумите за пристапот до универзалната поштенска услуга

- ПРАВИЛНИК за формата и содржината на службената легитимација на инспекторот за поштенски сообраќај и начинот на нејзиното издавање и одземање

Подзаконските акти кои се однесуваат на утврдување на методологијата за мониторинг на квалитетот на поштенските услуги се усогласени со стандардите EN 13850+A1 на Европскиот комитет за стандардизација, а во однос на мониторингот и мерењето на квалитетот на услугата подзаконските акти се усогласени со стандардот EN 14508 на Европскиот комитет за стандардизација. Со донесувањето на подзаконските акти се создаде правна рамка доволна за да биде основа за регулација на пазарот на поштенски услуги кој досега не беше регулиран.

Согласно Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008), универзалната поштенска услуга е минимален обем на поштенски услуги кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Македонија, со определен квалитет и по пристапни цени за корисниците на услугата и опфаќа: прием, пренос, сортирање и достава на писмоносни пратки со тежина до 2 кг, пакети со тежина до 20 кг, поштенски и телематски упатници, книжени услуги и услуги со означена вредност, прием и дистрибуција на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид. Бидејќи една од основните надлежности на Агенцијата за пошти е обезбедувањето на УПУ, Агенцијата за пошти во согласност со законската регулатива □ додели индивидуална дозвола за извршување на универзалната поштенска услуга на АД „Македонска пошта“, со што беше определен операторот кој ќе ја обезбедува УПУ на целата територија на Република Македонија.

## 6.2. Регулација и либерализација на пазарот

Пазарот на поштенски услуги во Република Македонија постои во рамките на либерализациониот режим предвиден со Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008). Од 1-ви Јануари 2009, операторот кој обезбедува УПУ, го задржува ексклузивитетот за обезбедување на резервирани поштенски услуги до 50 грама и цена два ипол пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај (График 1). Крајниот

рок за целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија е определен со Законот за поштенски услуги

(Сл.Весник на РМ 9/2008) и согласно тоа почнувајќи од 1 јануари 2012, веќе нема да се обезбедува резервирана поштенска услуга, т.е. ќе се создадат услови за целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија. Ваквата динамика на либерализација соодветствува на трендот кој што е присутен во легислативата на најголемиот дел од членките на ЕУ (График 2). Целосната либерализација на пазарот на поштенски услуги треба да биде комплетирање на долгиот реформаторски процес на пазарот кој треба да резултира со поквалитетни услуги за потрошувачите и да создаде услови за натамошен развој на пазарот и целосно искористување на потенцијалот што тој пазар го нуди.

гр. 1
Регулирани поштенски услуги




гр. 2
Процес на либерализација на поштенскиот пазар во Европска унија



Агенцијата за пошти на планот на регулација на пазарот на поштенски услуги во текот на 2008 година, пристапи кон обработка на барањата за добивање на *одобренија за вршење на поштенски услуги на слободниот пазар* и обработка на барањето за добивање на *индивидуална дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга*.

Врз основа на мислењето на стручните служби на Агенцијата за пошти, подносителот на барањето АД „Македонска пошта", во целост ги исполни условите за добивање на индивидуална дозвола, предвидени во Законот за поштенски услуги (Сл.Весник на РМ 9/2008), врз основа на што Агенцијата за пошти издаде *индивидуална дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга* на АД „Македонска пошта".
Врз основа на мислењето на стручните служби на Агенцијата за пошти, седум компании ги исполнуваат условите за добивање на Одобрение за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободен пазар. Агенцијата за пошти на тие седум компании им издаде Одобрение за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободен пазар. (Табела 3)

| |
|---|
| ***1. Диливери експрес ДОО Скопје*** |
| **Адреса 1:** Владимир Комаров бр.10/23<br>**Адреса 2:** Љубљанска бб Скопје<br>**Место:** Аеродром, Скопје<br>**Поштенски код:** 1000 |
| ***2. Глобко логистик ДОО Скопје*** |
| **Адреса 1:** Сава Ковачевиќ бр. 69-14<br>**Место:** Кисела Вода, Скопје<br>**Поштенски код:** 1000 |
| ***3. Карго Експрес ДООЕЛ увоз извоз Битола*** |
| **Адреса 1:** Никола Тесла бр. 68<br>**Место:** Битола<br>**Поштенски код:** 7000 |
| ***4. ДХЛ Експрес Македонија ДООЕЛ Скопје*** |
| **Адреса 1:** Населба Илинден бб м.в. Трница<br>**Место:** Скопје<br>**Поштенски код:** 1041 |
| ***5. ИН ТИМЕ МК БПС ДОО Скопје*** |
| **Адреса 1:** Мирослав Крлежа бр. 39-1-1<br>**Место:** Скопје<br>**Поштенски код:** 1000 |
| ***6. БИЈАН ШПЕД ДООЕЛ Скопје*** |
| **Адреса 1:** Вангел Тодоровски бр. 5/1<br>**Место:** Скопје<br>**Поштенски код:** 1000 |
| ***7. РСЕ ОПТИМА Вите ДООЕЛ увоз-извоз Скопје*** |
| **Адреса 1:** Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 16/19<br>**Место:** Скопје<br>**Поштенски код:** 1000 |

Табела 3.

Листа на компании на кои АП во 2008 им издала одобрение за обезбедување на поштенски услуги на слободен пазар

Во согласност со законски определената динамика на укинување на резервираните поштенски услуги, имателите на овие одобренија, започнувајќи од 01.01.2009 имаат можност за нудење на поштенски услуги за пратките над 50 грама, што е во согласност со целите на Законот за поштенски услуги и Стратегијата за развој на поштенските услуги во РМ, за овозможување на конкуренција во областа на поштенските услуги и следење на трендот на глобализација и либерализација на поштенскиот пазар.

## 6.3. Следење на поштенскиот сообраќај

Во соработка со АД „Македонска пошта“, односно според извештаите за обемот и структурата на поштенските услуги согласно Номенклатурата за универзална поштенска услуга, Агенцијата за пошти изготви графички приказ на Прегледот на обемот од септември до декември 2008 година во АД „Македонска пошта“ – Скопје и подружници.

Со следење на континуирано доставените понатамошни квартални извештаи од ваков вид за 2009 година, Агенцијата за пошти ќе направи тренд на мониторинг на обемот и видот на поштенски услуги кои се даваат од страна на АД„Македонска пошта“.

Оваа активност е дел од анализата на поштенскиот пазар која ќе ја развива Агенцијата.

## Преглед на **обемот** на поштенските услуги по подружници во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај во периодот од 09-12.2008




## Преглед на **обемот и видот** на поштенските услуги по подружници во **внатрешниот** поштенски сообраќај во периодот од 09-12.2008



Преглед на **обемот и видот** на поштенските услуги по подружници во **надворешниот** поштенски сообраќај во периодот од 09-12.2008




**Обем на писма во внатрешен сообраќај**



Обем и вид на поштенската услуга „ **писмо**“во **внатрешниот** поштенски сообраќај во периодот од 09-12.2008




Обем и вид на поштенската услуга „**писмо**“ во **надворешниот** поштенски сообраќај во периодот од 09-12.2008



# 7. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2009 година

## 7.1. Правна регулатива

Агенцијата за пошти во текот на 2009 година, ќе реализира серија активности на неколку различни полиња во областа на поштенските услуги.

Во постапка утврдена со Законот за поштенски услуги, Агенцијата за пошти ќе изготви и ќе донесе Правилник за утврдување на надоместокот за мониторинг на пазарот на поштенски услуги. Со оглед на тоа дека Агенцијата за пошти е независно регулаторно тело, еден од основните извори на финансисрање е наплатата на надоместокот за надзор на пазарот на поштенски услуги. Рокот за донесување е јануари 2009 година.

Агенцијата ќе утврди методологија и ќе донесе подзаконски акти со кои ќе се уреди постапката за евалуација на квалитетот на испорака на пратките, бројот на денови за испорака со цел да се осигура обезбедување на универзалната поштенска услуга на територијата на Република Македонија. Рок за изготвување и имплементација е мај 2009 година.

Во соработка со заинтересираните страни и давателите на поштенски услуги АП ќе изготви и ќе усвои Стратешки и операционален план за периодот 2009-2012, воден од целите за универзална поштенска услуга со определен квалитет достапна по пристапни цени, евалуација на перформансите на давателите на поштенски услуги, утврдување на транспарентен процес на решавање на жалбите на корисниците на поштенски услуги, учество на јавноста и транспарентност и достапност на работата на Агенцијата за пошти, инвестиции во човечкиот капитал на Агенцијата и принципот за имплементација на законодавството на ЕУ, поддршка за обуки и унапредување на институционалниот капацитет на Агенцијата. Рок за донесување е јуни 2009.

Во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата, АП ќе подготви и усвои Правилник за спречување на субвенционирањето на другите поштенски услуги од приходите остварени од универзалната поштенска услуга. Рок – март 2009.

Агенцијата за пошти ќе изготви Методологија за анализа на пазарот на поштенски услуги. Рок – април 2009

Агенцијата за пошти ќе подготви и усвои Методологија за мониторинг на цените на другите даватели на поштенски услуги врз основа на систем за цени на слободен пазар. Рок мај-2009. Агенцијата ќе подготви и усвои Правилник за пристап кон јавната поштенска мрежа. Рок-јуни 2009

АП ќе подготви и ќе усвои акти за спроведување на надзор и инспекција и ќе иницира постапки за изрекување на санкции против прекршување на Законот за поштенски услуги.

## 7.2. Административен капацитет и човечки ресурси

Агенцијата во 2009 година ќе ја доекипира својата стручна служба со високо образовани луѓе со значајно искуство од обласа на поштенските услуги кои ќе бидат ангажирани особено во одделите за анализа на пазарот на поштенски услуги. Капацитетот на АП во однос на човечките ресурси ќе биде унапреден и со овластувањето на инспекторите за поштенски сообраќај во согласност со условите предвидени во Законот за поштенски услуги.

- Преку ангажманот на високо образовани кадри, со искуство од обласа на поштенските услуги, Агенцијата за пошти има цел да го подигне административниот капацитет и операционалната ефикасност, што е во согласност со забелешките од извештајот на ЕК на ЕУ, за напредокот на Република Македонија кон пристпувањето кон ЕУ, а се однесува на делот на поштенските услуги и регулацијата на пазарот за поштенски услуги.

## 7.3. Лиценцирање

Во текот на 2009 година во согласност со законската регулатива и подзаконските акти, Агенцијата континуирано ќе ги обработува сите поднесени барања за добивање на дозволи или одобренија за обезбедување на поштенски услуги. Агенцијата за пошти ќе ја модифицира и унапреди електронската база на податоци за имателите на одобренија и дозволи за обезбедување на поштенски услуги.

- Преку процесот на лиценцирање на давателите на поштенски услуги, Агенцијата за пошти има цел, на пазарот на поштенски услуги во

Македонија услугите од областа на поштенските услуги да ги вршат само компании кои имаат соодветно одобрение или дозвола за вршење на тие услуги. Исто така, целта е да се имплементира брза и ефикасна постапка на издавање на лиценци на компаниите кои ги исполниле законски предвидените услови за обезбедување на поштенски услуги, што би придонело за

поефикасно спроведување на процесот за либерализација на пазарот за поштенски услуги во Република Македонија. Користењето на поштенски услуги кои ги нудат операторите кои се стекнале со соодветна дозвола или одобрение за вршење на поштенски услуги, на граѓаните им овозможува и посигурно остварување на нивните права и им овозможува заштита во случај некои права да им бидат повредени од страна на давателите на поштенски услуги.

## 7.4. Мониторинг на пазарот на поштенски услуги

Агенцијата како независно регулаторно тело, во согласност со законската регулатива е надлежна да врши надзор на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија. За извршување на оваа надлежност Агенцијата за пошти во текот на 2009 година, во соработка со сите други надлежни институции, ќе врши континуиран мониторинг на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија. Методологијата за мониторинг ќе вклучува неколку одделни методи:

- истражување на пазарот преку статистичка анализа
- анкети
- собирање на податоци од надлежни институции
- инспекциски надзор и контрола на пазарот
- статистички методи за утврдување на трендот на пазарот
- решавање на спорови меѓу учесниците на пазарот согласно Законот

Мониторингот на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија ќе се врши во периодот од март до крајот на декември,а резултатите ќе бидат континуирано објавувани во јавноста. Целокупниот извештај со резултатите

од спроведениот мониторинг на пазарот, ќе бидат внесени во годишниот извештај на Агенцијата за следната година и ќе биде јавно достапен.

- Целта на активностите за мониторинг на пазарот е да се добие реална слика за големината на пазарот на поштенски услуги во Република Македонија, потенцијалот на пазарот, идните трендови и насоки за развој на пазарот на поштенски услуги и да се детектираат потребите на потрошувачите во однос на поштенските услуги. Со оглед на тоа дека пазарот на поштенски услуги бил нерегулиран пазар, овие податоци ќе бидат од суштествено значење за остварување на целите на Законот за поштенски услуги и надлежностите на Агенцијата за пошти.

## 7.5.Квалитет на универзалната поштенска услуга

Со оглед на тоа дека Агенцијата е надлежна да осигура обезбедување на универзална поштенска услуга со соодветен квалитет, Агенцијата за пошти во согласност со Правилникот за утврдување на методологија за мониторинг врз квалитетот на универзалната поштенска услуга, во текот на 2009 година во периодот од март до крајот на декември ќе спроведе сеопфатна акција за контрола на квалитетот на УПУ. Методологијата пропишана во Правилникот според кој ќе се врши контролата на квалитетот е во целост усогласена со стандардите за квалитет на поштенската услуга предвидени во поштенските директиви на ЕУ. Добиените резултати ќе бидат споредени со пропишаните стандарди и тоа ќе бидат првите официјални податоци за квалитетот на поштенски услуги добиени од независното регулаторно тело. Мерењето на квалитетот ќе се одвива континуирано на специфичен примерок и конечните резултати ќе бидат објавени и јавно достапни. Либерализацијата на пазарот и спроведувањето на другите надлежности на Агенцијата, преку примената на најдобрите регулаторни практики треба да придонесе во осигурување на обезбедувањето на УПУ и понатамошно подобрување на квалитетот на УПУ.

- АП има цел во наредниот период, спроведувајќи соодветни регулаторни практики, да осигура обезбедување на универзална поштенска услуга со соодветен квалитет, по пристапни цени на целата територија на Република Македонија. Квалитетот на универзалната поштенска услуга е пропишан во согласност со стандардите на CEN, предвидени во Поштенските директиви на ЕУ.

# 7.6. Заштита на конкуренцијата и процесот на либерализација

Агенцијата за пошти на полето на заштитата на конкуренцијата, ќе потпише меморандум за соработка и размена на податоци со Комисијата за заштита на конкуренцијата, кој ќе биде основа за извршувањето на надлежностите на Агенцијата, а поврзани со заштитата на конкуренцијата. Тука особено значајно ќе биде спречувањето на субвенционирањето на другите поштенски услуги со приходите остварени од резервираната услуга, од страна на давателот на УПУ. Доколку определен носител не постапи по конечното решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Агенцијата за пошти има овластување да го укине по службена должност одобрението на операторот кој дава поштенски услуги врз основа на тоа одобрение. Агенцијата за пошти ќе го следи процесот на воведување на системот на посебно сметководство кај давателот на УПУ, што е еден од неопходните услови за разграничувањњето на приходите и трошоците направени за извршување на УПУ и еден од неопходните услови за почеток на функционирање на компензациониот фонд. Преку давањето согласност за цените за обезбедување на универзална поштенска услуга, Агенцијата за пошти треба да осигура спречување на злоупотреба на повластената положба на давателот на УПУ, со што би се нарушиле конкурентските услови на пазарот на поштенски услуги.

- Целта на регулаторните активности е да се овозможат еднакви услови за дејствување на пазарот на поштенски услуги, на сите субјекти кои се лиценцирани за давање на поштенски услуги на слободниот пазар. Со оглед на тоа дека резервираната област определена само за давателот на УПУ, ќе се укине на 1.1.2012 година, овој меѓупериод треба да се искористи за да се создаде правна рамнка и бизнис клима на пазарот која ќе биде погодна за моментот на целосна либерализација на пазарот во 2012 година. Исто така цел е да се спречи злоупотребата на привилегираната положба на давателот на УПУ, преку спречување на субвенционирањето на други услуги со приходите од резервираната област.

## 7.7. Инспекциски надзор

Агенцијата преку својата служба за инспекција на пазарот на поштенски услуги во текот на 2009 година ќе спроведе сеопфатна контрола на работењето на имателите на соодветни одобренија или дозволи за обезбедување на поштенски услуги. Инспекцискиот надзор треба да утврди дали имателите на одобренија и дозволи ги почитуваат одредбите на Законот за поштенски услуги во однос на условите за добивање на одобренија и во поглед на критериумите пропишани со подзаконските акти од областа на поштенските услуги. Инспекторите за поштенски сообраќај согласно законските одредби имаат овластувања за увид во сите простории на давателите на поштенски услуги, техничките средства за извршување на дејноста и во материјално-финансиската документација на давателите на поштенски услуги. Законските овластувања на инспекторите за поштенски сообраќај им овозможуваат да изрекуваат мерки за прекршителите на законските одредби.

- Инспекцискиот надзор на Агенцијата за пошти треба да овозможи контрола врз пазарот на поштенски услуги и да обезбеди повисок квалитет на услугите кои ги нудат давателите на поштенски услуги. Континуираниот надзор на работењето на давателите на поштенски услуги, треба да придонесе и за поквалитетна поштенска услуга за крајниот корисник што е во согласност со надлежностите на Агенцијата за пошти за обезбедување на квалитетна универзална поштенска услуга.

## 7.8. Јавност и транспарентност на работата на Агенцијата за пошти

Во текот на 2009 година Агенцијата за пошти ќе одржи четири јавни седници во согласност со законската обврска, на кои сите заинтересирани субјекти имаат можност активно да учествуваат, преку свои предлози, забелешки и сугестии во однос на прашањата поврзани со поштенските услуги. На тој начин Агенцијата ќе обезбеди директен контакт со поголем број учесници на пазарот, ќе има можност да добие повратна информација за конкретните ефекти од примената на легислативата и ќе добие предлози кои произлегуваат од праксата кои би биле значаен патоказ за идните решенија од областа на поштенските

услуги. Преку својата веб страна Агенцијата за пошти им овозможува учество во јавната расправа по предлозите за различни правни акти и истовремено им нуди можност за постојан увид во тековните активности на Агенцијата. Во согласност со законската регулатива информациите од јавен карактер можат да им бидат достапни на граѓаните.

## 7.9. Меѓународна соработка

Агенцијата за пошти во текот на 2009 година ќе ја продолжи, успешно започнатата, меѓународна соработка со многу национални регулаторни тела од областа на поштенските услуги во земјите на ЕУ. Исто така, Агенцијата за пошти преку учеството во работните групи на CERP и учеството на пленарните собранија на CERP активно ќе биде вклучена во актуелните случувања во однос на поштенските услуги. Со оглед на тоа дека Агенцијата за пошти е новоформирано регулаторно тело, од особено значење ќе биде активната меѓународна соработка, заради можноста да се искористат искуствата на другите земји во процесот на регулација на пазарот. Во текот на 2009 ќе се одржат и неколку средби на Post Europe и Светскиот поштенски сојуз на кои ќе учествуваат претставници на Агенцијата за пошти. Искористувањето на меѓународните искуства од областа на регулаторните практики на поштенскиот пазар, како и постојаните
институции со меѓународните сојузи, треба да придонесат за овозможувањето на квалитетна легислатива од областа на поштенските услуги, квалитетна поштенска услуга за граѓаните и конкурентски услови на либерализираниот пазар на поштенски услуги во Република Македонија.

# 8.Финансиски извештаи

# 8.1. Финансиски извештаи за работата на Агенцијата во 2008 година

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО**
**КОМИСИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Агенцијата за пошти на Република Македонија- Скопје, (во понатамошниот текст - Агенција), коишто го вклучуваат билансот на состојба заклучно со 31.12.2008 година, како и билансот на приходи и расходи во годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи без разлика дали е резултат на из-мама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето на објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.
Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата за пошти на Република Македонија заклучно со 31.12.2008 година како и на нејзината финансиска успешност за годината која што завршува тогаш, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се прифатени во Република Македонија.

Скопје. 03.03.2009 година

Овластен ревизор
Стојан Вељковски

Управител,
Стојан Вељковски

Друштво за ревизија ПРО АУДИТ ДОО Куманово

# Финансиски извештај на Агенција за пошти - Скопје 2008

**1.ПРИХОДИ**

| Конто | Опис на Конто | Износ |
|---|---|---|
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 912,00 ден. |
| 73 | Приходи од членарини,подароци,донации и приходи од др. извори | 2.097.976,00 ден. |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 2.098.888,00 ден. |

**2.РАСХОДИ**

| Конто | Опис на Конто | Износ |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 181.165,00 ден. |
| 400 | Потрошени материјали | 73.505,00 ден. |
| 401 | Потрошена енергија | 35.860,00 ден. |
| 403 | Други услуги | 54.025,00 ден. |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 17.775,00 ден. |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 479.553,00 ден. |
| 410 | Провизија за платен промет | 3.856,00 ден. |
| 412 | Премии за осигурување | 7.134,00 ден. |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 141.956,00 ден. |
| 414 | Надомест на трошоци на работници и граѓани | 25.520,00 ден. |
| 415 | Негативни курсни разлики | 671,00 ден. |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 269.051,00 ден. |
| 418 | Останати други расходи | 31.365,00 ден. |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 505.442,00 ден. |
| 441 | Средства за опрема | 505.442,00 ден. |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 919.871,00 ден. |
| 460 | Вкалкулирани плати | 919.871,00 ден. |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 2.086.031,00 ден. |

| | |
|---|---|
| останати расположливи средства ** | 12.857,00 ден. |

# Извештај за извршување на финансиот план на агенција за пошти за 2008 година

## 1. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Планирано<br>Проектиран Износ | Реализирано<br>Износ | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 72 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 1.000,00 ден. | 912,00 ден. | -88,00 ден. |
| 73 | Приходи од членарини,подароци,донации и од др. извори | 2.098.000,00 ден. | 2.097.976,00 ден. | -24,00 ден. |
| 7 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 2.099.000,00 ден. | 2.098.888,00 ден. | -112,00 ден. |

## 2. РАСХОДИ

| Конто | Опис на Конто | Проектиран Износ | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | 207.700,00 ден. | 181.165,00 ден. | -26.535,00 ден. |
| 400 | Потрошени материјали | 102.700,00 ден. | 73.505,00 ден. | -29.195,00 ден. |
| 401 | Потрошена енергија | 30.000,00 ден. | 35.860,00 ден. | 5.860,00 ден. |
| 403 | Други услуги | 45.000,00 ден. | 54.025,00 ден. | 9.025,00 ден. |
| 405 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 30.000,00 ден. | 17.775,00 ден. | -12.225,00 ден. |
| 41 | ДРУГИ РАСХОДИ | 444.300,00 ден. | 479.553,00 ден. | 35.253,00 ден. |
| 410 | Провизија за платен промет | 4.000,00 ден. | 3.856,00 ден. | -144,00 ден. |
| 412 | Премии за осигурување | 7.000,00 ден. | 7.134,00 ден. | 134,00 ден. |
| 413 | Дневници за службени патувања и патни трошоци | 160.000,00 ден. | 141.956,00 ден. | -18.044,00 ден. |
| 414 | Надомест на трошоци на работници и граѓани | 25.500,00 ден. | 25.520,00 ден. | 20,00 ден. |
| 415 | Негативни курсни разлики | | 671,00 ден. | 671,00 ден. |
| 417 | Интелектуални и други услуги | 218.800,00 ден. | 269.051,00 ден. | 50.251,00 ден. |
| 418 | Останати други расходи | 29.000,00 ден. | 31.365,00 ден. | 2.365,00 ден. |
| 44 | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА | 524.000,00 ден. | 505.442,00 ден. | -18.558,00 ден. |
| 441 | Средства за опрема | 524.000,00 ден. | 505.442,00 ден. | -18.558,00 ден. |
| 46 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ | 923.000,00 ден. | 919.871,00 ден. | -3.129,00 ден. |
| 460 | Вкалкулирани плати | 923.000,00 ден. | 919.871,00 ден. | -3.129,00 ден. |
| 4 | ВКУПНО РАСХОДИ | 2.099.000,00 ден. | 2.086.031,00 ден. | -12.969,00 ден. |
| | останати расположливи средства ** | 0,00 ден. | 12.857,00 ден. | 12.857,00 ден. |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

**за годината што завршува на**

**31.12.2008**

(во денари)

| | 31.12.2008 |
|---|---|
| Приходи од донации | 2,097,976 |
| Пренесен дел од вишокот на приходи од претходна година | |
| Материјални расходи и услуги | -181,165 |
| Капитални расходи | -505,442 |
| Трошоци за вработените | -945,391 |
| Останати расходи | -454,033 |
| *Вишок на приходи од оперативни активности* | 11,945 |
| Нето приходи (расходи) од финансирање | 912 |
| ***Вишок на приходи-добивка пред оданочување*** | 12,857 |
| Данок на добивка | -12,733 |
| **НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ** | |
| **ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **124** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

**на 31.12.2008**

(во денари)

| | 31.12.2008 |
|---|---|
| **А. СРЕДСТВА** | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | |
| Нематеријални средства-нето | 29,058 |
| Материјални средства-нето | 687,992 |
| *Вкупно нетековни средства* | 717,050 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | |
| **Парични средства и активни пресметковни сметки** | 1,785,479 |
| *Вкупно тековни средства* | 1,785,479 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **2,502,529** |
| **Б. ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | |
| Деловен фонд | 717,050 |
| Дел од вишокот на приходи пренесен во наредна година | 124 |
| *Вкупно извори на деловни средства* | 717,174 |
| **В. ОБВРСКИ** | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 93,815 |
| Обврски према државата за даноци и придонеси | 180,613 |
| Други краткорочни обврски | 1,510,927 |
| *Вкупно обврски* | 1,785,355 |
| **ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ** | **2,502,529** |

# Финансиски план на Агенција за пошти - Скопје 2009

**1.ПРИХОДИ**

| Конто | Опис на Конто | Проектиран Износ |
|---|---|---|
| **71** | **Приходи од продажба на производи, стоки и услуги** | **7.895.000,00 ден.** |
| **715** | **Приходи од услуги** | **7.895.000,00 ден.** |
| 71501 | Приходи од услуги | 7.895.000,00 ден. |
| **72** | **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **3.000,00 ден.** |
| **720** | **Приходи од камати** | **3.000,00 ден.** |
| 72000 | Приходи од камати-жиро сметка | 3.000,00 ден. |
| **73** | **Приходи од членарини,подароци,донации и приходи од др. извори** | **12.700.000,00 ден.** |
| **730** | **Приходи од членарини, подароци и донации** | **12.700.000,00 ден.** |
| 73000 | Приходи од донации | 12.700.000,00 ден. |
| **77** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **124,00 ден.** |
| **770** | **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година** | **124,00 ден.** |
| 73000 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходната година | 124,00 ден. |
| **7** | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **20.598.124,00 ден.** |

**2.РАСХОДИ**

| Конто | Опис на Конто | Проектиран Износ |
|---|---|---|
| 40 | МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА | **1.755.000,00 ден.** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **543.000,00 ден.** |
| 40000 | Потрошено гориво | 250.000,00 ден. |
| 40001 | Потрошени канцелариски материјали | 240.000,00 ден. |
| 40003 | Други административни материјали | 10.000,00 ден. |
| 40010 | Потрошена вода | 15.000,00 ден. |
| 40011 | Други комунални услуги-ѓубретарина | 8.000,00 ден. |
| 40021 | Ситен инвентар | 20.000,00 ден. |
| **401** | **Потрошена енергија** | **500.000,00 ден.** |
| 40100 | Кондиционирање (греење;ладење) | 500.000,00 ден. |
| **403** | **Други услуги** | **510.000,00 ден.** |
| 40301 | Пошта | 20.000,00 ден. |
| 40303 | Други услуги-испитувње на возило | 10.000,00 ден. |
| 40304 | Други услуги-регистрација на возило | 10.000,00 ден. |
| 40305 | Телефон и телефакс | 150.000,00 ден. |
| 40306 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 300.000,00 ден. |
| 40307 | Службен весник | 20.000,00 ден. |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **80.000,00 ден.** |
| 40501 | Издатоци за репрезентација | 60.000,00 ден. |
| 40502 | Расходи за реклама, пропаганда | 20.000,00 ден. |
| **408** | **Наемнини** | **112.000,00 ден.** |
| 40801 | Наемнини за канцелариски простор | 112.000,00 ден. |
| **409** | **Други материјални расходи** | **10.000,00 ден.** |
| 40901 | Службени легитимации | 10.000,00 ден. |
| **41** | **ДРУГИ РАСХОДИ** | **8.677.124,00 ден.** |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **40.000,00 ден.** |
| 41000 | Провизија за платен промет | 40.000,00 ден. |
| **412** | **Премии за осигурување** | **30.000,00 ден.** |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.000.000,00 ден.** |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **7.539.324,00 ден.** |
| 41701 | Др услуги-хост за интернет страна | 6.000,00 ден. |
| 41710 | Надомест за комисија 2008 | 1.511.000,00 ден. |
| 41710 | Надомест за комисија 2009 | 2.200.000,00 ден. |
| 41711 | Персонален данок од доход-комисија 2008 | 170.000,00 ден. |
| 41711 | Персонален данок од доход-комисија 2009 | 245.000,00 ден. |
| 41714 | Надомест по договор | 20.000,00 ден. |
| 41715 | Персонален данок по договор | 2.324,00 ден. |
| 41716 | Надомест на трошоци на членови на комисијата | 30.000,00 ден. |
| 41721 | Ревизија на финансиски извештаи за 2008 | 60.000,00 ден. |
| 41722 | Консултантски услуги | 15.000,00 ден. |
| 41723 | Услуги за истражување на пазарот | 3.000.000,00 ден. |
| 41732 | Семинари и конференции | 280.000,00 ден. |
| **418** | **Останати други расходи** | **67.800,00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| 41801 | Други расходи-огласи | 25.000,00 ден. |
| 41811 | Данок на добивка (аконтации) | 30.000,00 ден. |
| 41812 | Данок на добивка по завршна | 12.800,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| **44** | **КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА** | **2.368.000,00 ден.** |
| **440** | **Средства за градежни објекти-уредување и адаптација** | **1.850.000,00 ден.** |
| **441** | **Средства за опрема** | **518.000,00 ден.** |
| 4410 | Опремување на деловен простор | 350.000,00 ден. |
| 44107 | Средства за компјутерска опрема | 143.000,00 ден. |
| 44105 | Средства за програми-сметководство | 25.000,00 ден. |
| **46** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ** | **7.798.000,00 ден.** |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **7.798.000,00 ден.** |
| 46000 | Основни плати-директор | 818.000,00 ден. |
| 46001 | Основни плати-вработени | 4.300.000,00 ден. |
| 4600 | Придонеси од плати | 2.680.000,00 ден. |
| **4** | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **20.598.124,00 ден.** |

| | |
|---|---|
| **останати расположливи средства** | **0,00 ден.** |